**Прашалник за програмата „HEAD“**

Ве покануваме да учествувате во истражувањето што ќе ни овозможи да го оцениме влијанието на програмата „HEAD“.

**Во врска со прашалникот**

Пополнувањето на овој прашалник би требало да трае приближно 30 минути.
Упатствата за одговарање на прашањата се напишани со *закосени* букви. На повеќето прашања може да се одговори со означување еден најсоодветен одговор.
Прашалникот вклучува прашања за:

- вашето училиште,
- улогата на директорот,
- раководењето со вашето училиште,
- наставниците,
- учениците,
- предизвиците во училиштето и собирањето податоци и
- вас и вашето професионално искуство и образование.

Доколку имате било каква дилема во однос на некој аспект од прашалникот, или доколку ви се потребни повеќе информации за прашалникот или студијата, слободно можете да нè контактирате на: <контакт>.

**Забелешка:**

Под поимот инклузија во овој прашалник се подразбира процес преку кој се осврнуваме и одговараме на различните потреби на сите ученици (на пр. различност во однос на потеклото на учениците, нивните способности за учење и други разлики меѓу учениците во училиштето) преку зголемено учество во учењето, културата и заедниците и намалување на исклученоста од образовниот процес и исклученоста во рамките на самиот образовен процес.

**Доверливост**

Сите информации што се собрани за целите на оваа студија ќе бидат третирани како доверливи. Вашите одговори ќе бидат комбинирани со одговорите на другите испитаници, со цел да се пресметаат вкупните и просечните вредности од одговорите на испитаниците, така што преку податоците нема да може да се идентификува ниту еден поединец што го има одговорено прашалникот.
Ве молиме на сите прашања да одговорите колку што е можно поискрено, бидејќи вашите детални одговори и коментари ќе ни помогнат да го оцениме ефектот на програмата. Затоа, ќе ви бидеме многу благодарни ако ги пополните прашањата што следат колку што е можно повнимателно. Учеството во оваа анкета е доброволно и имате право да се повлечете од одговарање на прашањата во било кое време.

Ви благодариме за вашето учество!
Проектен тим на програмата „HEAD“:
НЕПЦ (Лана Јурко) – раководител на проектот
Образовен истражувачки институт (Ана Млекуж и Мања Велдин) – надворешни оценувачи
<национална институција>

**ЗА ВАШЕТО УЧИЛИШТЕ**

**Q1. Ве молиме, проценете го процентот на ученици во вашето училиште кои ги имаат следниве карактеристики?**

(Ве молиме земете предвид дека учениците може да спаѓаат во повеќе категории.)

(Ве молиме напишете го соодветниот процент во секоја линија.)

A. Ученици чиј мајчин јазик е различен од наставниот јазик
B. Ученици со посебни потреби
C. Ученици во социоекономски неповолна состојба

**Q2. Дали следново се однесува на вашето училиште?**

(*Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.*)

**(1 = Не, 2 = Да)**

A. Училиштето има пристапна рампа за лицата со физичка попреченост.
B. Училиштето има тоалети за лицата со попреченост.
C. Училиштето има знаци на подот и ѕидовите за лицата со оштетен вид.
D. Училиштето има материјали за учење за учениците со посебни потреби.
E. Училиштето има материјали за учење на јазиците на етничките малцинства во училишната средина.
F. Училиштето има материјали за учење на јазиците на учениците емигранти.
G. Училишната библиотека има литература на јазиците на етничките малцинства во училишната средина.
H. Училишната библиотека има литература на јазиците на учениците емигранти.

**Q3. За секоја од следниве изјави, оценете дали се однесува на вашето училиште?**

(*Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.*)

**(1 = Не, 2 = Да)**

A. **Во училиштето** (ходниците, заедничките простории, итн.) се изложени изработки на учениците (на пр. постери, цртежи, итн.)
B. **Во училниците** се изложени изработки на учениците (на пр. постери, цртежи, итн.) .
C. Признанијата за достигнувањата на учениците (на пр. пехари, дипломи од различни натпревари и сл.) се изложени на видливо место **во училиштето** (ходници, заеднички простории, итн.).
D. Различноста на учениците е препознаена преку видливи изработки (на пр. постери, цртежи, итн.) и признанија (на пр. пехари, дипломи од различни натпревари, итн.).
E. Постојат многу места во училиштето каде учениците можат да седнат и да разговараат.
F. Постојат многу места во училиштето каде учениците можат да учат заедно.

| **Има ли постоечки/утврдени практики и правила во вашето училиште:** *(Ве молиме изберете по еден одговор во секоја колона.)* | **Q4. кои се составен дел од училишните документи? (да/не)** | **Q5. кои се спроведуваат на ниво на училиште? (да/не)** |
|---|---|---|
| A. за соработка на наставниците во процесот на донесување одлуки | | |
| B. за унапредување на соработката меѓу наставниците | | |
| C. за унапредување на соработката со родителите | | |
| D. за справување со дискриминација (врз основа на род, етничка припадност, посебни потреби, итн.) | | |
| E. за споделување нови идеи | | |
| F. за пријавување проблеми во рамките на училиштето | | |
| G. за практики на врсничка поддршка меѓу учениците | | |

**Q6. Изминатата година, колку често вашето училиште ги промовираше следните вредности преку различни настани/активности**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 = никогаш, 2 = еднаш, 3 = двапати, 4 = трипати, 5 = повеќе од трипати)**

A. правда (*на пр. активности поврзани со заедничко создавање правила кои се однесуваат на праведност во дискусиите и однесувањето во училиштето; проекти за социјална правда и сл*.)

B. еднакви можности (н*а пр. активности поврзани со обеспravените лица или групи; активности поврзани со подобрување на капацитетите за лицата со посебни потреби; настани на кои учествуваат сите ученици, итн.)*

C. различност (*на пр. активности што го охрабруваат изразувањето на различните етнички и културни идентитети на учениците; настани што ја славаат различноста во училиштето; настани/активности за подигање на свеста за различностите на наставниците и учениците и др.)*

D. соработка (*на пр. средба со родители на која ќе се дискутираат прашањата во врска со училиштето; средба со претставници на локалната заедница за развој на училиштето; средба со вработените во училиштето и учениците кои планираат заеднички настани, итн.*)

**Q7. Во изминатава година, колку често вашето училиште има соработувано со**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. локална власт
B. јавната библиотека
C. локални културни институции и здруженија (на пр. кино, театар, сала за концерти, музеи, уметнички галерии, хорови, аматерски театарски групи итн.)
D. локални институции (на пр. здравствени, туристички, пензионерски домови, градинки, спортски клубови и др.)
E. локални бизниси
F. полиција/противпожарна служба
G. институции за понатамошно образование

**Q8. До кој степен се согласувате дека следниве изјави се однесуваат на вашето училиште?**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 = целосно не се согласувам; 2 = не се согласувам; 3 = ниту се согласувам, ниту не се согласувам; 4 = се согласувам; 5 = целосно се согласувам)**

A. Доверба дека проблемите се решаваат заеднички.
B. Оние кои се засегнати од училишните политики и/или правила се охрабруваат да бидат дел од нивното создавање.
C. Улогата на авторитетот е јасно дефинирана.
D. Одговорностите на засегнатите страни (вработени во училиштето, ученици, родители) се јасно дефинирани.
E. Правилата на училиштето се јасно дефинирани.
F. Мислењата на малцинствата треба да се сослушаат.
G. Евалуацијата е дел од развојот.

**Q9. До кој степен следниве реченици се однесуваат на вашето училиште?** *(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – воопшто не се однесуваат; 2 – во мал степен; 3 – во умерен степен; 4 – во голем степен; 5 – целосно се однесуваат)**

A. Училиштето е место во кое учениците имаат целосна поддршка за учење.
B. Училиштето поставува високи стандарди за академските постигања за сите ученици.
C. Училиштето промовира академски успех за сите ученици.
D. Училиштето ги вклучува повеќето родители во училишните настани или активности.
E. Училиштето е место во кое вработените имаат целосна поддршка за работа.

**Q10. До кој степен следниве реченици се однесуваат на вашето училиште?** *(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – воопшто не се однесуваат; 2 – во мал степен; 3 – во умерен степен; 4 – во голем степен; 5 – целосно се однесуваат)**

A. Вработените во училиштето ги прифаќаат и им посветуваат внимание на учениците.
B. Вработените во училиштето сакаат сите ученици да дадат сè од себе.
C. Вработените во училиштето слушаат што имаат да кажат учениците.
D. Вработените во училиштето веруваат дека секој ученик може да постигне успех.
E. Вработените во училиштето меѓусебно се поддржуваат и почитуваат.

**Q11. До кој степен следниве реченици се однесуваат на вашето училиште?** *(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – воопшто не се однесуваат; 2 – во мал степен; 3 – во умерен степен; 4 – во голем степен; 5 – целосно се однесуваат)**

A. Учениците се однесуваат на начин секој да се чувствува добредојден.
B. Учениците меѓусебно си помагаат.
C. Учениците соработуваат едни со други.
D. Учениците меѓусебно се почитуваат.

**ЗА УЛОГАТА НА ДИРЕКТОРОТ**

**Q12. До кој степен се согласувате со следниве изјави?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 = целосно не се согласувам; 2 = не се согласувам; 3 = ниту се согласувам, ниту не се согласувам; 4 = се согласувам; 5 = целосно се согласувам)**
Директорот може да

A. создаде организациска училишна култура.
B. создаде колаборативна училишна култура.
C. создаде инклузивна училишна култура.
D. создаде училишна култура на заедничка одговорност за училишните проблеми.

**Q13. До кој степен се согласувате со следниве изјави?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 = целосно не се согласувам; 2 = не се согласувам; 3 = ниту се согласувам, ниту не се согласувам; 4 = се согласувам; 5 = целосно се согласувам)**
Директорот може да

A. ги зајакне можностите за професионален развој на наставниците.
B. го подобри ангажманот на наставниците.
C. ја поддржи соработката меѓу наставниците.
D. влијае врз ефикасноста на наставниците.
E. влијае врз наставните практики на наставниците.
F. влијае врз задоволството од работата на наставниците.
G. влијае врз чувството за добросостојба на наставниците.

**Q14. До кој степен се согласувате со следниве изјави?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 = целосно не се согласувам; 2 = не се согласувам; 3 = ниту се согласувам, ниту не се согласувам; 4 = се согласувам; 5 = целосно се согласувам)**
Директорот може да

A. промовира активно учество на наставниците во донесувањето одлуки во училиштето.
B. промовира активно учество на учениците во донесувањето одлуки во училиштето.
C. промовира активно учество на родителите во донесувањето одлуки во училиштето.
D. промовира соработка меѓу претставниците на локалната заедница и училиштето.
E. создава еднакви можности за сите ученици.
F. создава еднакви можности за сите вработени во училиштето.
G. ги поддржува правилата на училиштето кои се однесуваат на праведност.
H. промовира правичност при решавање на проблемите во училиштето.
I. отвори простор за изразување на различностите на учениците.

**ЗА РАКОВОДЕЊЕТО СО ВАШЕТО УЧИЛИШТЕ**

**Q15. Во изминатава година, колку често бевте ангажирани во следниве активности**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. Презедов активности за поддршка на соработката меѓу наставниците за развој на нови наставни практики.
B. Презедов активности за да бидам сигурен/сигурна дека наставниците преземаат одговорност за подобрување на нивните наставни вештини.
C. Презедов активности за да бидам сигурен/сигурна дека наставниците се чувствуваат одговорни за постигањата на нивните ученици.
D. Презедов активности за да им дадам можност на вработените во училиштето активно да учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето.
E. Презедов активности за да им дадам можност на учениците активно да учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето.
F. Ги набљудував часовите на наставниците.
G. Им дадов повратна информација на наставниците врз основа на моите согледувања.
H. Соработував со наставниците за решавање на проблемите со дисциплината во училницата.
I. Ги решив проблемите со распоредот во училиштето.
J. Соработував со директорите од другите училишта во однос на некои работни задачи што беа предизвик за мене.
K. Работев на план за професионален развој за ова училиште.

**Q16. Во изминатава година, колку често направивте напор за да**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. воспоставите односи со родителите кои не се активни?
B. воспоставите односи со родители кои припаѓаат на ранливите групи (на пр. етнички малцинства, емигранти, посебни потреби, итн.)?
C. најдете нови начини или методи за активно учество на родителите?
D. ги охрабрите наставниците да воспостават односи со родителите?
E. ги вклучите родителите во донесувањето одлуки на ниво на училиште?
F. ги охрабрите родителите редовно да присуствуваат на состаноците со наставниците?
G. ги вклучите родителите во организирање различни настани во училиштето (на пр. физички активности, да учествуваат како гости говорници, за собирање средства, итн.)?

**Q17. Во изминатава година, колкав дел од вработените во училиштето вклучивте во донесувањето одлуки во следниве подрачја:**

*(Ако во одредени подрачја не биле донесени одлуки изминатата година, ве молиме изберете ја опцијата 0.)*

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(0 = не беа донесени одлуки; 1 – никој; 2 – дел од вработените во училиштето; 3 – половина од вработените во училиштето; 4 – мнозинството од вработените во училиштето; 5 – сите))**

A. планирање на набљудувањето на наставните практики
B. планирање на наставни програми и активности.
C. избор/усвојување на наставни материјали.
D. утврдување на потребите за професионален развој на вработените.
E. планирање на програми за професионален развој на вработените.
F. назначување лидери за развој на вработените.
G. развој на наставна програма.

**Q18. Во изминатава година, колкав дел од учениците вклучивте во донесувањето одлуки во следниве подрачја:**

*(Ако во одредени подрачја не биле донесени одлуки изминатата година, ве молиме изберете ја опцијата 0.)*

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(0 = не беа донесени одлуки; 1 – никој; 2 – дел од учениците; 3 – половина од учениците; 4 – мнозинството од учениците; 5 – сите)**

A. дискусија за прашањата на учениците.
B. планирање наставни програми и активности.
C. избор/усвојување на наставни материјали.
D. креирање училишни правила.
E. распоред.
F. изготвување план за развој на училиштето.
G. планирање воннаставни активности.
H. спроведување на воннаставните активности.
I. развој на наставна програма.

**Q19. Според вас, до кој степен следниве лица/тела дале свој придонес во донесувањето одлуки во вашето училиште во изминатава година?**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 = воопшто; 2 = во мал степен; 3 = до одреден степен; 4 = до умерен степен; 5 = во голем степен)**

A. Наставници
B. училиштен одбор
C. ученичка заедница
D. совет на родители
E. Родители
F. Ненаставен кадар (на пример, библиотекари, администрација)
G. Претставници на <локалната заедница>

**ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**

**Q20. Дали вашето училиште обезбедува поддршка за наставниците во следниве подрачја?**
(*Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.*)
**(1 = Не, 2 = Да)**

A. заедници за учење на наставниците
B. справување со проблеми со учењето на учениците
C. справување со различностите
D. индивидуален план за професионален развој
E. соработка со други наставници во рамки на училиштето
F. соработка со родители
G. советување и насочување на наставниците

**Q21. Во изминатава година, колку често ги поттикнувавте вашите наставници да учествуваат во следниве активности?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. меѓусебно помагање
B. планирање вonнаставни активности со други наставници
C. планирање различни училишни настани со други наставници
D. справување со проблемите со однесувањето на учениците заедно со вработените во училиштето
E. изработка на наставни материјали со другите наставници
F. дискусија за развојот на учењето на специфични ученици со други вработени во училиштето

**Q22. Во изминатава година, колку често ги поттикнувавте наставниците да учествуваат во активности за професионален развој на следниве теми?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. педагошки компетенции потребни за држење настава во инклузивни училишта
B. користење ИКТ (информатичка и комуникациска технологија) вештини за држење настава во инклузивно опкружување
C. однесување на учениците и одржување на дисциплината во училницата
D. пристапи кон индивидуално учење
E. настава за ученици со посебни потреби
F. настава во мултикултурно или повеќејазично опкружување
G. соработка наставник - родител/старател
H. јазици во училишната средина (на пример, јазиците на малцинствата, доколку има малцинства во училиштето, јазик на емигрантите, доколку има емигранти, итн.)
I. соработка меѓу вработените во училиштето

**Q23. Во изминатава година, колку често ги поттикнувавте наставниците да**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. користат материјали за учење, во кои се препознава различноста
B. научат за различностите на учениците
C. го почитуваат секој ученик без оглед на неговото потекло
D. ги вклучат учениците да научат за потеклото на другите ученици
E. им дадат поддршка на учениците да учествуваат во сите активности во училиштето
F. ја прилагодат својата настава за сите ученици (на пр. културна различност на учениците, различни способности за учење, различни јазични способности)
G. ги намалат стереотипите кај учениците (на пр. етнички, социоекономски, итн.)

**Q24. Во изминатава година, колку често ги поттикнувавте наставниците да ги прават следниве активности?**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. да соработуваат со родителите или старателите во однос на учењето на учениците
B. да соработуваат со родителите или старателите во однос на благосостојбата на учениците
C. да градат однос базиран на доверба со своите ученици.
D. да ги идентификуваат учениците на кои им е потребна поддршка за учењето.
E. да ги идентификуваат учениците на кои им е потребна емоционална поддршка.
F. да ги идентификуваат учениците на кои им е потребна финансиска поддршка.
G. да им обезбедат поддршка за учење на учениците.
H. да им обезбедат емоционална поддршка на учениците
I. да ги охрабрат учениците да побараат помош од училишниот психолог
J. да создадат безбедно опкружување за учениците да можат во доверба да зборуваат за своите проблеми

**ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

**Q25. Дали следниве иницијативи за поддршка се достапни во вашето училиште?**
(*Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.*)
**(1 = Не, 2 = Да)**

A. посредување меѓу врсниците
B. служби за поддршка на физичкото здравје на учениците
C. служби за поддршка на психолошката добросостојба на учениците
D. служби за поддршка на економскиот статус на учениците
E. мерки за поддршка на новите ученици
F. поддршка за учениците со посебни потреби (на пр. обезбедена од локалната заедница, волонтери и др.)
G. толкувачи за учениците кои не го разбираат наставниот јазик (на пр. обезбедени од локалната заедница, волонтери и др.)

**Q26. Во изминатава година, колку често училиштето обезбеди можности за учениците да ја изразат својата различност преку следниве активности?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. различни (културни, спортски, религиозни, и слични) настани
B. изразување на своите знаења и вештини
C. дебати за различностите
D. отворена дискусија за различностите
E. различни здруженија (на пр. здруженија на етнички малцинства, здруженија на ЛГБТК, итн.)
F. преку нивниот физички изглед (на пр. Модни ревии организирани од училиштето)

**ПРЕДИЗВИЦИ ВО УЧИЛИШТАТА И СОБИРАЊЕТО ПОДАТОЦИ**

**Q27. Кое од следниве подрачја го препознавате како предизвик во вашето училиште?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 = воопшто не е предизвик, 2 = мал предизвик, 3 = умерен предизвик, 4 = голем предизвик, 5 = особено голем предизвик)**

A. Соработка меѓу наставниците
B. Соработка меѓу наставниците и учениците
C. Соработка меѓу наставниците и семејствата
D. Соработка меѓу учениците
E. Соработка помеѓу училиштето и локалната заедница
F. Поддршка за активно учество на родителите во животот на училиштето
G. Поддршка на наставниците да одговорат на различните потреби на сите ученици
H. Поддршка на учениците соодветно да одговорат на различните потреби на другите ученици
I. Промовирање на демократски вредности
J. Обезбедување соодветни мерки за поддршка на сите ученици
K. Обезбедување соодветни мерки за поддршка на наставниците
L. Создавање атмосфера во училиштето во која секој ќе се чувствува добредојден
M. Друго:

**Q28. Во изминатава година, колку често собиравте податоци со помош на следниве методи?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. Одговори од анкети за учениците
B. Одговори од анкети за наставниците
C. Проценка на знаењето на наставниците за содржината
D. Резултати од постигањата во училиштето
E. Самооценување на работата на наставниците (на пр. презентација на портфолиото за оценување, анализа на наставата со помош на видео)

**Q29. Во изминатава година, колку често ги анализиравте податоците (пр. оценки, одговори на прашалници, итн.) за да планирате интервенција во следниве подрачја**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. наставните практики на наставниците
B. добросостојбата на учениците
C. задоволство на родителите од училиштето
D. социоекономскиот статус на учениците
E. физичко насилство и малтретирање на училиште
F. училишна култура/клима
G. различностите во училиштето

**Q30. Во изминатава година, колку често ги искористивте податоците кои ви беа на располагање за**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. следење на можните причини за разликите во постигањата на учениците
B. спроведување дисциплински дејствија
C. прилагодување на мерките за поддршка на учениците
D. планирање на професионалниот развој на наставниците
E. обезбедување поддршка за наставниците и нивната настава
F. спроведување интервенција
G. осврнување на препознаените потреби на наставниците
H. осврнување на препознаените потреби на учениците

**Q31. Во изминатава година, кога планиравте некоја интервенција, колку често вие и/или вашите наставници**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – никогаш; 2 – ретко (околу еднаш годишно); 3 – повремено (околу два до трипати годишно); 4 – често (околу еднаш месечно); 5 – многу често (повеќе од еднаш месечно)**

A. собиравте податоци за потребите на интервенцијата
B. го идентификувавте конкретниот проблем за кој е потребна интервенција
C. создадовте тим чија задача беше да се испланира интервенцијата за идентификуваниот проблем
D. собиравте податоци за идентификуваниот проблем
E. планиравте интервенција врз основа на собраните податоци
F. ги вклучивте сите релевантни страни при планирање на интервенцијата
G. ги вклучивте сите релевантни страни во спроведување на интервенцијата
H. го оценивте успехот на интервенцијата

**ЗА ВАС**

**Q32. До кој степен се согласувате дека следниве изјави се однесуваат на вас?**
*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*
**(1 = целосно не се согласувам; 2 = не се согласувам; 3 = донекаде не се согласувам; 4 = донекаде се согласувам; 5 = се согласувам 6 = целосно се согласувам)**

A. Не размислувам често за моите мисли.
B. Ретко правам само-рефлексија.
C. Често ги преиспитувам моите чувства.
D. Не размислувам зошто се однесувам така како што се однесувам.
E. Честопати одвојувам време да направам рефлексија за моите мисли.
F. Честопати размислувам за начинот на кој се чувствувам во врска со нештата.
G. Навистина не сум заинтересиран да го анализирам моето однесување.
H. За мене е важно да ги оценам работите што ги правам.
I. Многу сум заинтересиран да го преиспитам она за што размислувам.
J. За мене е важно да се обидам да разберам што значат моите чувства.
K. Имам потреба да го разберам начинот на кој работи мојот ум.
L. За мене е важно да можам да разберам како се појавуваат моите мисли.

**Q33. Возраст**
*(Ве молиме одговорете така што ќе напишете број.)*

**Q34. Пол**

**ЗА ВАШЕТО ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ**

**Q35. Кое највисокото ниво на формално образование што го имате завршено?**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

A. Пост-средно образование или пониско
B. Кратки циклуси во високото образование
C. Додипломски студии
D. Магистратура, Специјализација или Докторат

**Q36. Колку години работно искуство имате?**

*(Ве молиме заокружите на цел број без оглед дали сте работеле со полно работно време или не и напишете го соодветниот број години. Доколку некоја од понудените опции не се однесува на вас напишете „0“ - нула)*

A. Број на години на позицијата директор на ова училиште
B. Број на години на позицијата директор воопшто
C. Број на години на позицијата наставник во ова училиште
D. Број на години на позицијата наставник воопшто
E. Број на години во други улоги во образованието (не ги вклучувајте годините кога сте работеле како наставник)
F. Број на години на други работни места

**Q37. Во текот на вашето образование или за време на обуките на работното место, колку сте биле запознаени со следниве теми**

*(Ве молиме изберете по еден одговор во секој ред.)*

**(1 – воопшто; 2 – малку; 3 – донекаде; 4 – умерено; 5 – многу)**

A. Демократско управување со училиштата
B. Соработка со засегнатите страни
C. Инклузивни политики и практики
D. Свесност за предизвиците во училиштата - собирање и анализа на податоци